Директорот на Агенцијата за електронски комуникации, врз основа на член 24 од Законот за електронските комуникации Сл. весник на РМ бр. 39/2014, 188/2014, 44/2015, 193/2015, 11/2018, 21/2018 и Сл. весник на РСМ бр. 11/2019, 98/2019,153/2019,92/2021 и 59/2025), а во врска со член 8 од Правилникот за утврдување на формата и содржината на барањето за доделување на броеви и серии на броеви, податоците што се приложуваат кон барањето како и начинот и постапката за доделување на броеви и серии на броеви од Планот за нумерација („Сл. весник на РМ“, бр. 190/2014 и 205/2016 и службен весник на РСМ бр.181/2024), Објавува:

---

## Јавен повик за поднесување Барање за доделување на бројот 116 000 за услуга на повикувачки центар за исчезнати деца

1. Бројот **116 000** е резервиран за обезбедување на услуга на **повикувачки центар за исчезнати деца**.
2. Барање за доделување на бројот 116 000 може да поднесе оператор или **непрофитна организација** чии активности се поврзани со услугата на повикувачки центар за исчезнати деца.
3. Подносителот на Барањето мора **претходно да постигне договор** со надлежното министерство во врска со начинот, условите, правата и обврските за обезбедување на услугата повикувачки центар за исчезнати деца преку бројот 116 000.
4. Барањето од точка 2 на овој јавен повик е поднесено од **Здружение за акција против насилство и трговија со луѓе ОТВОРЕНА ПОРТА - Скопје**, на образец објавен на интернет-страницата на Агенцијата за електронски комуникации (www.aek.mk).
5. Составен дел на Барањето од точка 2 од овој јавен повик е и **понудата за доделување на бројот 116 000.**
6. Содржина на понудата:

   а) Понудата мора да содржи:

   - Тековна состојба издадена од централен регистар не  постар од 30 дена од денот на поднесувањето на барањето.

   - Потврда за платени даноци и придонеси издадена од УЈП не  постар од 30 дена од денот на поднесувањето на барањето.

   - Договор, изјава или согласност со ресорното министерство не постара од 6 месеци од датумот на поднесување на пријавата.

   - Договор, изјава или согласност со операторот, освен во случај кога барателот е оператор.

- Опис на обезбедување на  услугата на повикувачки центарот, кој мора да биде во согласност со условите за користење на бројот 116 000 Правилникот за утврдување на формата и содржината на барањето за доделување на броеви и серии на броеви, податоците што се приложуваат кон барањето како и начинот и постапката за доделување на броеви и серии на броеви од Планот за нумерација и Директивата на Европската комисија.

- Детален опис на персоналот на подносителот на барањето, што вклучува бројот на персонал и нивна квалификација, стекнато искуство во давање услуги кои се предмет на барањето како и досегашни активности поврзани со услугите кои ќе се обезбедуваат преку  бројот а која се однесува понудата.

- Пополнето и потпишано Барање за доделување број за услуги со посебна социјална вредност (Хармонизирани на Европски ниво) доставен на образецот од прилог 1 на оваа документација.

7. Се определува рок од **15 дена од објавувањето на овој Јавен повик** за искажување на можен дополнителен интерес за доделување на бројот 116 000.

8. Период на важност на понудата

   - Рокот на важност на понудата е 30 дена од датумот на доставување на понудата.

9. Доставување на понудата

   Понудата се доставува на адреса:

   Кеј Димитар Влахов бр.21 Скопје

   „Јавен повик за доделување броеви од нумеричкиот опсег 116xyz наменет за услуги со социјално значење"

10. Временски рок за донесување на одлука за доделување на бројот

    Рокот за донесување на одлука за доделување на бројот 116 000 е **21 ден од денот на отворање на понудите**.

---

Наш број: Уп1-Бр. 1403-283
Скопје,    07.07.2025  година

Директор
Jeton Akiku

Digitally signed by Jeton Akiku
Date: 2025.07.04 12:38:24 +02:00